**Предмет: Предлог за поставување точки за разгледување и одлучување на редовното годишно Собрание на акционери на Стопанска банка АД Скопје во 2023 година скопје, 31.03.2023**

**2. Одлука за измена и дополнување на Статутот на Банката со која се вршат измени во член 18 од Статутот:**

- после став 4 се додава нов (петти) став кој гласи: "Приоритетните акции имаат право на гарантирана фиксна дивиденда во износ од 1 (едно) евро за една акција во денарска противредност по средниот курс на Народната Банка." - после новиот пети став се додава нов (шести) став кој гласи: "Приоритетните акции имаат право на кумулативна дивиденда, односно право на наплата на акумулираните неплатени дивиденди пред наплатувањето на какви било дивиденди на сопственикот на обични акции."
- после новиот шести став се додава нов (седми) став кој гласи: "Приоритетните акции можат да стекнат право на учество во распределбата на добивката на Банката како варијабилен дел во висина што ќе ја утврди Собранието, но најмногу до износот што ќе го добијат имателите на обични акции."
- после новиот седми став се додава нов (осми) став кој гласи: "Приоритетните акции учествуваат подеднакво во поделбата на остатокот од стечајната, односно ликвидационата маса на Банката."

Причина за предлагање на измената на точка 18 од Статутот на Банката е за да се изврши негово усогласување со ЗТД, ЧЛ. 278 (2) И 287 (1) ТА.

Со предложениот пети став на членот 18 на Статутот се одредува фиксен износ на дивидендата во паричен износ, како што е регулирано со ЗТД. Банката до сега исплаќала дивиденда на приоритетните акции „во висина на каматата на средствата на штедните влогови и депозити на орочени на 1 (една) година зголемена за соодветниот процентен поен кој се утврдува со Одлуката за каматни стапки на Банката." што не е во согласност со ставот 2 од чл. 278 од ЗТД кој предвидува „право на дивиденда во однапред утврден паричен износ или во процент од номиналниот износ на акцијата", одредба што датира од измената на ЗТД од 2004 година. На ист став е и КХВ која во Барањето до Народната Банка бр. 08-517/1 од 10.05.2019 година констатира дека "... е доволна анализа на износот на Дивиденда на приоритетните акции кој банката го исплаќала по години во изминатиот период, со што ќе се забележи дека тој износ ниту е однапред утврден, ниту е фиксен.". КХВ во истото Барање истакна дека "... сагласно преодните одредби од член 606 став 2 од важечкиот Закон за трговските Друштва статутите на Друштвата коишто не се во сагласност со одредбите на овој закон, со денот на почетокот на примената на овој закон не се применуваат во деловите коишто не се во согласност со неговите одредби, освен износот на големината на основната главнина. од напренаведеното, произлегуза дека во Статутот на Стопанска Банка АД Скоте е присутен застарен концепт и модел на утврдување на право на исплата на Дивиденда на сопственците на приоритени акции.".
Предлогот за износот на гарантираната фиксна дивиденда е утврден во висина со која би се овозможило формирање на фер пазарна вредност на приоритетната акција, можност за нејзино тргување и остварување ликвидност на пазарот на долгорочни хартии од вредност, што во последните четири и пол години (скоро 10 години) е сведено на драматично ниско НИВО.

Со предложените шести и седми ставови на членот 18 од Статутот се запишуваат правата и погодностите на приоритетните акции, онака како што се утврдени со т.11 и 12 од одлуките за втора и четврта емсиија на акции, а што не ги содржел до сега, иако ЗТД во т.4 од член 287 (1) одредил дека Статутот треба да садржи одредби за "номиналната вредност на акциите, бројот на акциите од секој род и класа, правата, обврските, ограничувањата и погодностите".

Со предложениот осми став на членот 18 на Статутот се запишуваат правата на приоритетните акции, онака како што се утврдени со член 17 став 2 и член 24 од ЗХВ (СЛ на СФРЈ бр.64/89) што важел кога се издадени обични и приоритетни акции од втората емисија на акции на Банката:

Член 17: Имателот на акција има право на дел од остварената добивка (дивиденда).
Во стечајната постапка имателот на акција има право на дел од стечајната маса.
Имателот на ащија, зависно од видот на акцијата, може да има право на глас во собранието на издавачот на ащиите во изборот на органите на управување и надзор и право на вршење надзор и утврдување на деловната политика.

Член 24: Имателот на приоритетна (повластена) акција во однос на имателот на обична (редовна) акција има право на првенство на наплата на дивидендата, на наплата во постапката за стечај на издавачот на акциите, како и други права на првенство што се утврдуваат со одлуката од член 20 на овој закон.

Цел на вклучување на Одлуката на дневен ред на годишната седница на Собранието на Банката е НО да го усогласи Статутот и гарантираната „фиксна“ дивиденда со законската регулатива и ќе постапи во сагласност со точка 1. Права на акционерите од Кодексот на корпоративно управување на Банката според кој „Банката ги гарантира сите права на акционерите согласно закон, Статутот на Банката, Правилникот на Собранието на акционери и одлуките за издавање на акции".

Координативно тело за преземање активности за остварување на правата од приоритетните акции на Стопанска банка АД Скопје
Претседател Влатко Ташковски